**З А П И С Н И К**
**од Сто и единаесетта седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и единаесетта седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.12.2018 година**

Седницата започна во 11:45 часот.

На седницата претседаваше заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и

водостопанство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Асаф Адеми, министер за култура.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината; Нацрт–анекс Договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година

**б) Економски систем и тековна економска политика**

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, по скратена постапка

4. Предлог-закон за дополнување на Законот на игрите на среќа и за забавни игри, по скратена постапка

5. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва, по скратена постапка

6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка

7. Информација за подобрување на справувањето со нефункционалните кредити и за поттикнување на употребата на локалната валута, со Предлог-стратегија за поттикнување

на справувањето и подобрување на управувањето со нефункционалните кредити и Предлог-стратегија за денаризација на Република Македонија

8. Информација за усвојување на Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019-2022 година, со текст на Национална стратегија и Акциски план за спроведување

9. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зелениково

10. Информација за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор врз основа на Јавен повик 01/08 за доставување на понуди за интерес за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерија и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно на објекти во стопанскиот двор во функција на оранжеријата од 19.6.2018 година, со Предлог-одлуки

**в) Политички систем**

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

11. Предлог-закон за изменување на Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија

12. Предлог-закон за социјалната заштита

13. Предлог-закон за социјална сигурност за старите лица

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

15. Предлог-програма за изменување на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година

17. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година

18. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2018 година

19. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година

20. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

21. Предлог-одлука за распределба на средства за проектите: изградба на улици и патишта во Општина Липково и изградба на пристапен пат до археолошки локалитет Тауресиум, Општина Зелениково

**б) Политички систем**

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

**д) Други предлози**

22. Кадровски прашања

23. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

24. Информација во врска со Предлог-одлука за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Охрид

25. Информација за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија- Идризово ДООЕЛ Скопје“

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата по Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината; Нацртот-анекс Договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија-Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија" ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година и Предлог-одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија-Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија" ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година, ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината (нов текст) и

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија" ДОО Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година, во предложените текстови.

## Точка 3

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 4

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за

финансии, Виолета Стојановска Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда најдоцна за 30 дена да подготви и да достави до Владата соодветни изменувања во Законот за спорт согласно предметните изменувања од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (во делот на ваучерите).

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на справувањето со нефункционалните кредити и за поттикнување на употребата на локалната валута, со текст на Предлог – стратегии и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за поттикнување на справувањето и подобрување на управувањето со нефункционалните кредити.

2. Ја усвои Стратегијата за денаризација на Република Македонија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019 - 2022 година, со текст на Национална стратегија и Акциски план за спроведување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019 - 2022 година.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата.

3. Се задолжува Министерството за финансии еднаш годишно да ја информира Владата за реализацијата на Акцискиот план.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зелениково, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Зелениково, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор врз основа на Јавен повик 01/08 за доставување на понуди за интерес за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерија и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно на објекти во стопанскиот двор во функција на оранжеријата од 19.6.2018 година, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (најнов текст), во предложениот текст (Баџо П-Т ДОО Богданци).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (нов текст), во предложениот текст („Европромет“ експорт-импорт ДОО Струмица).

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлог–законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлог-законот за социјалната заштита и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за социјалната заштита согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска-Фрчковска, државна советничка во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија во соработка со Министерството за труд и социјална политика, да го има предвид членот 42 од Предлог-законот, при подготвувањето на програмата за ранливи потрошувачи врз основа на член 15 од Законот за енергетика.

**<u>Точка 13</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за социјална сигурност за старите лица и го утврди со следните заклучоци:
1. Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.
2. Пречистениот текст на Предлог-законот за социјална сигурност за старите лица, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска-Фрчковска, државна советничка во Министерството за труд и социјална политика.
Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, да го има предвид членот 42 од Предлог-законот при изготвувањето на Програмата за ранливи потрошувачи врз основа на член 15 од Законот за енергетика.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата да се усогласи со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на средства за проектите: изградба на улици и патишта во Општина Липково и изградба на пристапен пат до археолошки локалитет Тауресиум, Општина Зелениково, во предложениот текст.

**Точка 22**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 23**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информација и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Охрид, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со стопанската единица Друштво за производство, промет и услуги „Економија“ - Идризово ДООЕЛ Скопје.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Радмила Шекеринска**